МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

„КСЕНТЕ БОГОЕВ“

# ПРЕГЛЕД НА УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА

– ДОНЕСЕНИ ВО ТЕКОТ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –


**ПРЕГЛЕДОТ ГО ИЗРАБОТИЛЕ:**

акад. Владо Камбовски

д-р Елена Мујоска Трпевска

м-р Константин Битраков


**ИЗВОР:**

Службен весник на Република Северна Македонија

**ПЕРИОД:**

18 март (прва Одлука за прогласување вонредна состојба) – 05 јуни 2020 година (Службен весник бр. 149/2020)

## I. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Од денот на прогласувањето на вонредна состојба во Република Северна Македонија (Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба објавена во Службен весник бр. 68/2020 од 18 март 2020 година) до 5ти јуни 2020 година (Службен весник бр. 149/2020), Владата на Република Северна Македонија донесе **201 уредба со законска сила.**

Пред прогласувањето на вонредната состојба, но и во текот на периодот на опсервација, Владата донесе и **други општи правни акти (обврзувачки за секој субјект)** во насока на справување со кризата предизвикана од коронавирусот ковид-19. Меѓу нив спаѓаат и одлуките донесе врз основа на членот 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник бр. бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16). Пример:

- Одлуката за забрана и посебен режим на движење на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа (Сл. весник бр. 63/2020)
    - Забрана за влез и излез од општините и посебен режим на движење на населението внатре во овие општини.
- Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија (Сл. весник бр. 72/2020)
    - Прва одлука со која се опфати целата територија на државата и се забрани движење во период од 21:00 до 06:00 часот.

Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територија на Република Северна Македонија беше изменувана и дополнувана повеќе пати.

Оттаму, **уредбите со законска сила не се единствените општи акти** кои се донесувани во насока на справување со коронавирусот ковид-19. Доколку дадена материја не е регулирана во ниту една од подолудостапните уредби, таа е предмет на друг правен акт.

Иако не е уредба, под реден број 13 е поместена значајна одлука за граѓаните.

## II. ПРЕГЛЕД НА УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА

| Реден бр. | Уредба | Службен весник на Уредбата | Службен весник на опфатениот закон | Импликации во практиката / значење |
|---|---|---|---|---|
| **** Ако полето е обележано со зелена боја – станува збор за измена и дополнување на веќе постоечка уредба<br>** Ако полето е обележано со црвена боја – уредбата е укината<br>** Ако буквите се во црвена боја – станува збор за дилема за важењето и значењето на уредбата<br>** Ако полето е обележано со жолта боја – уредбата е укината или поништена од страна на Уставниот суд** | | | | |
| **Одлука за утврдување на вонредна состојба објавена во Сл. весник бр. 68/2020** | | | | |
| 1 | Уредба со законска сила за примена на Законот за вештачење за времетраење на вонредна состојба | бр. 70/2020 | 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18 | Полагањето на испит за вештаци нема да се спроведува сѐ додека трае вонредната состојба. |
| 2 | Уредба со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит за времетраење на вонредна состојба | бр. 70/2020 | бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и 98/19 | Полагањето на правосудниот испит нема да се спроведува сѐ додека трае вонредната состојба. Доколку даден кандидат се пријавил за полагање на правосудниот испит, Министерството треба да го прими неговото барање, но роковите на постапката не течат сѐ додека не заврши вонредната состојба и продолжи со примена Законот за правосудниот сектор. |
| 3 | Уредба со законска сила за примена на Законот за медијација за време | бр. 70/2020 | бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16 | Полагањето на испит за медијатори нема да се спроведува сѐ додека трае вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на вонредната состојба | | | |
| 4 | Уредба со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредната состојба | бр. 70/2020 и бр. 95/2020 | бр. 72/16, 142/16 и 233/18 | Полагањето на испит за нотари нема да се спроведува сè додека трае вонредната состојба. Се продолжува мандатот на лицата кои се избрани во органите на Нотарската комора во 2017 година, а чиј мандат истекува во текот на вонредната состојба. Собранието е должно во рок од 30 дена по завршување на вонредната состојба да ја започне, односно да ја продолжи постапката за избор на претседател на Нотарската комора, односно членови на органите. |
| 5 | Измена и дополнување на Уредба со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредната состојба | бр. 95/2020 | бр. 72/16, 142/16 и 233/18 | Се продолжува мандатот на овие лица за времетраење на вонредната состојба. |
| 6 | Уредба со законска сила за примена на Законот за јавните собири за време на вонредната состојба | бр. 71/2020 | бр.55/95, 19/06, 66/07 и 152/15 и бр. 31/20 | Се забранува одржување на било каков јавен собир во текот на времетрење на вонредната состојба. Јавен собир е оној собир на кој учествуваат повеќе од 20 лица. |
| 7 | Уредба со законска сила за примена на патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредната состојба | бр. 71/2020 | бр.67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11, 135/11, 154/15 и 55/16) | Доколку важењето на пасошот истекува за времетраење на вонредната состојба, неговата важност се продолжува до нејзиното завршување. |
| 8 | Уредба со законска сила за примена на законот за странци за време на вонредната состојба | бр. 71/2020 | бр. 97/18 и 108/19 | Странец кој краткорочно престојува во Република Северна Македонија без виза или со виза, може да остане на територијата на државата и по истекот на краткорочниот престој односно истекот на визата за време на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Уредба со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредната состојба | бр. 71/2020, 123/202, 126/2020, 131/2020 | бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 98/19, | Доколку важењето на возачката истекува за времетраење на вонредната состојба, неговата важност се продолжува до нејзиното завршување. Обуките на кандидатите за возачи (со инструктор) нема да се врши во текот на времетреање на вонредната состојба. |
| 10 | Уредба со законска сила за примена на Законот за личната карта за време на вонредната состојба | бр. 71/2020 | бр. 8/95, 38/2002, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15 и 55/16 | Доколку важењето на личната карта истекува за времетраење на вонредната состојба, нејзината важност се продолжува до завршување на вонредната состојба. |
| 11 | Уредба со законска сила за примена на Законот за процена за време на вонредната состојба | бр. 71/2020 | бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16 | За време на вонредната состојба не се спроведува полагање на испит за проценувач. |
| 12 | Уредба со законска сила за примена на Законот за Катастар на недвижности за време на вонредната состојба | бр. 71/2020 | бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и 124/19 | За време на вонредната состојба не се спроведува полагање на испит за овластен геодет. |
| 13 | Одлука за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови | бр. 71/2020 | Нема | Секој граѓанин кој е вратен од странство преку хуманитарен лет, задолжително поминува државен карантин во траење од најмалку 15 дена од денот на пристигнувањето во државата. Државниот карантин се спроведува така што секој граѓанин кој влегува во државата е спроведен до приватен хотел кој ги ставил на располагање своите капацитети за државниот карантин. Граѓаните добиваат три оброци дневно, за 10 евра во денарска противвредност по ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | Уредба со законска сила за утврдување на задачи на Армијата на Република Северна Македонија за време на траењето на вонредната состојба | бр. 72/2020 | | Се утврдуваат задачите на Армијата. |
| 15 | Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба | бр.72/2020, бр. 76/2020, бр. 94/2020, бр. 97/2020, бр. 100/2020 | бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 | Заболени од заразната болест КОВИД-19 се лекуваат во строга изолација (карантин) во домашни услови или во здравствена установа, за што одлучува здравствен работник. Доколку лице се сомнева дека било во непосреден контакт со заболено лице, се применува строга изолација во домашни услови во времетраење од 14 дена (решение донесува Државниот здравствен и санитарен инспекторат). Доколку лицето не ја почитува мерката домашна изолација, тогаш ќе биде префрлено во државен карантин во објект определен од Владата (може да биде и приватен угостителски објект, отстапен за таа потреба), за што Министерството за внатрешни работи и Армијата донесуваат решение.<br><br>Државјанин кој влегува на граничните премини исто така е спроведен во државен карантин од 14 дена. Превозот на лицата во државен карантин кои слетале на аеродромите се обезбедува, а под дадени услови може да им се доставува и храна. Министерството за здравство може да користи интернет апликација за сузбивање на појавата на КОВИД-19 и неговото ширење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес | бр.72/2020 | Изборен законик бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 55/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20. Закон за спречување на корупција и судир на интереси бр.12/19. | Мандатот на членовите на ДИК се продолжува и ќе трае 6 месеци од денот на одржување на изборите на пратеници во Собранието на РСМ. Се прекинуваат сите изборни дејствија за спроведување на изборите закажани за 12 април 2020 година. Се задолжува ДИК да ја обезбеди и чува постојаната изборна документација. Спроведувањето на изборите ќе продолжи од денот на престанокот на вонредната состојба. ДИК е задолжена во рок од еден ден од престанување на вонредната состојба да објави ревидиран роковник на својата веб-страна за продолжување на изборните дејствивија. Не се применуваат членовите 8-а, 75-г, 75-д и 84-а од Изборниот законик. Не се применуваат одредбите за забрана за нови инвестиции и вонредни исплати од донесување на одлуката за распишување на изборите. |
| 17 | Уредба со законска сила за организирање на авионски превоз на македонски граѓани со моментален престој во странство на територија на Републилка Северна Македонија за време на вонредна состојба | бр.77/2020 | Нема | За македонските граѓани со моментален престој во странство се организира авионски превоз со цел пренесување на територија на РСМ. Лицата при влез во авионот потпишуваат договор помеѓу нив и Владата на РСМ во кој гарантираат дека ќе ја исплатат сумата определена за авионски билет на сметка на Владата на РСМ и пополнуваат Изјава дека се согласни по пристигнување да бидат сместени во објектите за државен карантин во траење од 14 дена. Лицата кои ќе патуваат имаат рок од 15 дена од пристигнувањето да извршат уплата за авиобилетите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18 | Уредба со законска сила за примена на Законот за стечај за време на вонредна состојба | бр.76/2020 | бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15. | Стечајните должници кои ги исполнуваат условите за отварање на стечајната постапка нема да можат да отворат стечајни постапки и претходни постапки за времетрање на вонредната состојба, како и три месеци по престанок на траењето на вонредната состојба. Исто така сите започнати постапки се одложуваат за траењето на вонредната состојба како и три месеци по престанок на вонредната состојба. |
| 19 | Уредба со законска сила за примена на Законот за општата управна постапка за време на вонредна состојба | бр.76/2020 | бр.124/15 | Роковите во управните постапки кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба престануваат да течат во времето на вонредната состојба и продолжуваат кога ќе престане вонредната состојба со онолку денови колку што биле преостанати пред прекинот на течењето на роковите со вонредната состојба, освен постапките за јавни набавки кои се исклучени од ова правило. Меѓутоа овластено службено лице по молба на заинтересирано лице со оправдана причина, може да одлучи поинаку.<br><br>Хипотетички, ако дадено лице поднело барање за извесна управна работа до било кој јавен орган, рокот за решавање (донесување на управен акт) не тече за време на траењето на вонредната состојба. Исто така, ако лице во текот на вонредната состојба добие управен акт, рокот за вложување на жалба како правен лек (кој е 15 дена) не тече за време на вонредната состојба. |
| 20 | Уредба со законска сила за примена на Законот за здравствена заштита за време на вонредна состојба | бр.76/2020, бр. 84/2020, бр. 100/2020 | бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19 | Се регулира постапувањето на приватните установи во врска со давањето на услуги поврзни со КОВИД-19. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредната состојба | бр.76/2020 | | |
| 22 | Уредба со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба | бр.76/2020 | бр. 161/19 | Наставата во основните училишта се организира преку учење од дома, со примена на средствата за електронска комуникација, односно преку видеоконференциски платформи, електронска пошта и други ситеми. За овој период наставникот може да изврши оценување на учениците со примена на средствата за електронска комуникација. За употреба на средствата за електронска комуникација одлука донесува основното училиште. |
| 23 | Уредба со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба | бр. 76/2020 | бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 2/2003, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07,49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/2011, 51/011, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18. | Наставата во основните училишта се организира преку учење од дома, со примена на средствата за електронска комуникација, односно преку видеоконференциски платформи, електронска пошта и други системи. За овој период наставникот може да изврши оценување на учениците со примена на средствата за електронска комуникација. За употреба на средствата за електронска комуникација одлука донесува основното училиште. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24 | Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна сосотојба | бр. 76/2020 | бр.82/18 | Студиските програми и проверката на знаењето на сите три циклуса на високообразовните установи се изведува со примена на средствата за електронска комуникација, односно видеоконференциски платформи, електронска пошта и други ситеми.<br><br>Под ова се подразбира спроведување на предавања, вежби, испити, одбрана на дипломски, магистерски и слично. Додека роковите за акредитација и реакредитација продолжуваат да важат до една година од престанок на вонредната ситуација. |
| 25 | Уредба со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба | бр. 79/2020, бр. 95/2020 | бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и 108/19. | Приправничкиот стаж на полицаец-приравник кој има склучено договор за вработување во Министерство за внатрешни работи на 1 ноември 2019 година согласно членовите 99 и 102 од Законот за внатрешни работи, трае пет месеци. Откако ќе го заврши приравничкиот стаж, ќе се смета дека полицаецот-приправник го положил посебниот односно приправничкиот испит и веднаш се распоредува на место „полицаец" во Министерството за внатрешни работи. |
| 26 | Уредба со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба | бр.79/2020 | бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16. | Се одложуваат активностите за подготовка и донесување на Фискална стратегија за среднорочен период од три години и Завршна сметка на Буџетот на РСМ, за време на траење на вонредната состојба. Буџетските корисници, можат со прераспределба да ги намалат одобрените средства со буџетот до 70% на ниво на ставка, во рамки на потпрограма и буџет. Владата на Република Северна Македонија одлучува за прераспределбите меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, како и за измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за финансии. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27 | Уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба | бр. 79/2020 | бр. 241/18 и 275/19 | Обврзниците на данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност, а кои имаат претрпено штети во своето работење заради ширењето на Коронавирусот COVID-19, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход за месеците март, април и мај 2020 година. Користење на ова право имаат оние кои остваруваат доход од самостојна дејност, и тоа како угостителска дејност, туризам, објекти за сместување, транспорт и други дејности кои претрпеле штети во своето работење заради спроведување на мерките за Коронавирусот на Владата на РСМ. За остварување на правото треба да се исполнат соодветните услови наведени во Уредбата како и да се поднесе Барање до УЈП. |
| 28 | Уредба со законска сила за примена на Законот за данок на добивка за време на вонредна состојба | бр.79/2020 | бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18, 232/19 и 275/19 | Обврзниците на данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност, а кои имаат претрпено штети во своето работење заради ширењето на Коронавирусот COVID-19, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април и мај 2020 година. Користење на ова право имаат оние кои остваруваат доход од самостојна дејност, и тоа како угостителска дејност, туризам, објекти за сместување, транспорт и други дејности кои претрпеле штети во своето работење заради спроведување на мерките за Коронавирусот на Владата на РСМ. За остварување на правото треба да се исполнат соодветните услови наведени во Уредбата како и да се поднесе Барање до УЈП. |
| 29 | Уредба со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба | бр.79/2020 | бр. 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18 и 275/19. | Висината на каматата која се наплатува на износот на помалку или повеќе платениот данок за секој ден задоцнување, се плаќа камата во висина од 0,015% за секој ден задоцнување. Додека Управата за јавни приходи нема да објавува листа на должници на доспеани и неплатени долгови за месеците април, мај и јуни 2020 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30 | Уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредната состојба | бр. 79/2020, 87/2020 | бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16 и 64/18 и 120/18 | Нема да се одржуваат собранија на акционери и собири на содружници (за АД и ДОО) во текот на вонредната состојба. Трговските друштва кои се во целост во државна сопственост својата добивка ќе ја исплатат во буџетот. |
| 31 | Уредба со законска сила за примена на Законот на данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба | бр.80/2020, бр. 108/2020 | бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18, 98/19, 124/19 и 275/19. | Вршителот на промет има право да издава електронски фактури во pdf или друга форма. Доколку се одлучи за ваква опција должен е да го извести примателот на фактурите, кој треба да се произнесе дали сака да прима електронски фактури. Примателот на фактурите треба да се поризнесе во рок од 10 дена од приемот на известувањето, доколку не се произнесе се рачуна како да се согласува. |
| 32 | Уредба со законска сила за примена на Законот за јавните претпријатија за време на вонредна сосотојба | бр.80/2020 | бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19 | Вишокот на средствата кои се остварени од работењето на јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија, се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 33 | Уредба со законска сила за примена на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија за време на вонредна состојба | бр.80/2020 | бр. 14/95, 17/96, 36/97, 31/03 и 55/13. | Отплатата на главницата на обврзницата за надоместување на селективните кредити на Народна банка на Република Северна Македонија согласно член 26 став 1 алинеја 2 од Законот за санација и реконструирање на дел од банките во РСМ, ќе се изврши на 1 април 2021 година. |
| 34 | Уредба со законска сила за примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба | бр.80/2020 | бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18 и 244/19. | Се одложуваат активностите за донесување и доставување на Годишните сметки на единиците на локалната самоуправа и периодичните финансиски извештаи, за време на траењето на вонредната состојба. |
| 35 | Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба | бр.80/2020 | бр.36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 114/09, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18. | За време на траење на вонредната состојба координирањето на штабовите на единците на локалната самоуправа (општините и градот Скопје) се врши од страна на координативно тело. |
| 36 | Уредба со законска сила за примена на Законот за земјоделското земјиште за време на вонредна состојба | бр.80/2020, бр. 102/2020 | бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19. | Престануваат да течат роковите определени со Законот за земјоделско земјиште за донесување на одлуки по отпочнати постапки со прибирање на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост кои истекуваат за време на траење на вонредната состојба и почнуваат одново да течат по истекот на траењето на вонредната состојба. Рокот за плаќање на годишната закупнина за закуп на земјоделстко земјиште во државна сопственост за 2019 година се одложува за времетраењето на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 37 | Уредба со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците | бр.80/2020 | Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик бр.76/20. Законот за облигационите односи бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13. Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачките кредити бр.51/11, 145/15, 23/16 и 20/19. Законот за договорен залог бр.5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 92/12, 115/14, 98/15, 215/15, 61/16. Законот за меница бр.3/02, 67/10 и 145/15. Законот за нотаријатот бр.72/16, 142/16, 25/18 и 233/18. Законот за катастар на недвижности | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | бр.55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16,172/16, 64/18 и 124/19. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38 | Уредба со законска сила за примена на Законот за туристичката дејност за време на вонредна состојба | бр.80/2020 | бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и 31/20. | Туристичките агенции кои ги имаат откажано своите аранжмани за време на траење на вонредната состојба се должни да издадат нов ваучер на корисникот на ваучерот за туристичкиот аранжман. Ваучерите ќе се издаваат во три примероци со рок на важење до 31.12.2021 година. Вредноста на ваучерот ќе биде во ист износ колку што бил аранжманот кој е откажан поради вонредната состојба. |
| 39 | Уредба со законска сила за примена на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ за време на вонредната состојба | бр. 84/2020 | бр. 56/99 и 43/02 | Службен весник ќе се издава само во електронска форма за време на вонредната состојба. Сите уредби со законска сила ќе се бесплатно достапни. |
| 40 | Уредба со законска сила за примена на Законот за железничкиот систем за време на вонредна состојба | бр.84/2020 | бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18. | Компензирање на трошоците за вршење на железнички превоз на патници на територијата на Република Северна Македонија, кои опфаќаат исплата на надоместок за користење на железничката инфраструктура, одржување, енергија, фиксни трошоци, како и надоместување на неостварениот приход од продажба на билети, за оние патнички возови кои се укинати за време на траење на вонредната состојба, се врши врз основа на пресметки утврдени во договор склучен помеѓу превозникот и Владата на Република Северна Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 41 | Уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствена заштита | бр. 84/2020 | | |
| 42 | Уредба со законска сила за примена на Законот за студентскиот стандард за време на вонредна состојба | бр.84/2020 | бр.15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и бр. 124/19. | За време на траење на вонредната состојба студентите кои се сместени во државен студентски дом или во приватен студентски дом се ослободени од партиципирање во цената за сместување и исхрана. Во студентските домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерката строга изолација (карантин) за време на траење на вонредната состојба. |
| 43 | Уредба со законска сила за примена на Законот на ученичкиот стандард за време на вонредна состојба | бр.84/2020 | бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19. | Во ученичките домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерката строга изолација (карантин) за време на траење на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44 | Уредба со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба | бр.84/2020, бр. 95/2020 | бр. 5/02 | Рокот за донесување на буџетот и годишната сметка на буџетот на општината, се одложува за време на траење на вонредната состојба. Советите на општините можат да одржуваат вонредни седници. Вонредна седница свикува претседателот на советот и на барање на градоначалникот. Седниците можат да се држат преку употреба на комуникациски средства. |
| 45 | Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства | бр.84/2020 и бр.89/2020. | | Престануваат да течат законските и преклузивните рокови за поднесување на тужба во парнична постапка, приватна тужба во кривична постапка, предлог за кривично гонење, предлог за поведување на вонпарнична постапка, поднесување на барање за присилно извршување, постапка за обезбедување на побарувањата, тужба за поведување управен спор, иницирање и поведување на друга судска постапка, во моментот на стапување во сила на оваа уредба се до престанување на вонредната состојба. Издавањето на упатните акти за изречена казна затвор до три години се одложува до 1 септември 2020 година, освен за предмети каде што постои опасност за застарување на извршување на казната. |
| 46 | Уредба со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба | бр.86/2020, бр. 105/2020 | бр. 108/19, 143/19, 225/19 и 275/19. | Приватните здравствени установи, аптеките и производителите на лекови, помошни лековити средства и средства за дезинфекција кои се иматели на одобрение за повластен корисник треба да поднесат гаранција за обезбедување на плаќање на акцизниот долг кој може да настане за акцизните добра кои се наоѓаат во постапка на акцизно одложување заклучно со 30 јуни 2020 година.<br>Се зголемуваат акцизите, така што кај безоловниот бензин Еуросупер БС 95 и Еуросупер БС 98 акцизата изнесува 24,962 денари на литар, кај гасното масло како погонско гориво еуродизел БС 18,121 денари на литар, а кај екстра лесното масло за домаќинство 9,136 денари на литар. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47 | Уредба со законска сила за примена на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај за време на вонредна состојба | бр.86/2020 | бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16 и 64/18. | Полагањето на испитот за советник за безбедност при превоз на опасните материи и на испитот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи се одложува за време на траењето на вонредната состојба. Важноста на сертификатите за стручно оспособување на советник за безбедност при превоз на опасните материи и за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба. |
| 48 | Уредба со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба | бр.86/2020, бр. 103/2020 | бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19. | Полагањето на испитот за професионална компетентност на лице одговорно за превоз и на испитот за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен патен сообраќај се одложува за време на траењето на вонредната состојба. Важноста на сертификатите за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен патен сообраќај чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба. Ако се врши јавен превоз на патници за времетраење на вонредната состојба, превозникот е должен да го организира превозот со задолжително одржување на растојание од најмалку два метри меѓу патниците и може да има пополнето само 50% од капацитетите (седишта). |
| 49 | Уредба со законска сила за примена на Законот за извршување за време на вонредната состојба | бр.86/2020, бр. 103/2020 | бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20. | Во периодот од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила до 30 јуни 2020 година, извршителите се должни да запрат со преземање на било какви извршни дејствија, освен во строго определените случаи во Уредбата. Точно се определува кои примања се изземаат од извршување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 50 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредната состојба | бр. 87/2020 | | |
| 51 | Уредба со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба | бр.88/2020 | бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18,124/19 и 239/19. | Висината на минималната нето плата за месец април, мај и јуни 2020 година, изнесува 14.500 денари. |
| 52 | Уредба со законска сила за примена на Законот за учебници за основно и средно образование за време на вонредна состојба | бр.88/2020 | бр.98/08, 99/09, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18. | Се продолжуваат роковите за два месеци во постапките по објавениот јавен повик за доставување барање за одобрување учебник по странски јазик, кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба. Дополнително, со оваа уредба со законска сила се продолжуваат роковите за три месеци за обезбедување на податоци за потребниот број на учебници кои се оштетени и не се за употреба и потребниот број на учебници кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година, кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба. |
| 53 | Уредба со законска сила за примена на Законот за гробишта и погребални услуги за време на вонредна состојба | бр.88/2020 | бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16. | Важноста на дозволата за управување со гробишта и дозволата за вршење на погребални услуги, чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 54 | Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба | бр.88/2020, бр. 103/2020 | бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 63/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19. | Престануваат да течат роковите кои се определени за поднесување на барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување/продолжување на правото на родителски додаток за дете (трето дете), како и за барање за продолжување на правото на родителски додаток за дете (четврто дете), за време на траење на вонредната состојба. Исто така, роковите се продолжуваат за три месеци од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. Правото на посебен додаток се продолжува за време на вонредната состојба, како и два месеци од престанокот на траењето. |
| 55 | Уредба со законска сила за изменување на уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства | бр. 89/2020 | | |
| 56 | Уредба со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба | бр.89/2020 | бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14,56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, | Престануваат да течат роковите кои согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност истекуваат за време на траење на вонредната состојба и се продолжуваат за 30 дена од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 119/16, 21/18, 113/18 и 124/19. | |
| 57 | Уредба со законска сила за примена на Законот за градење за време на вонредна состојба | бр.89/2020 | бр.130/09, 124/10,18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18 и 244/19. | Се продолжува рокот на важење на лиценца за проектирање на градби од прва и втора категорија, лиценца за ревизија на проектна документација за градби од прва и втора категорија, лиценца за изведувач на градби од прва и втора категорија, лиценца за надзор над изградба на градби од прва и втора категорија, лиценца за управител на градба, лиценца за управител на одржување на објекти од прва и втора категорија, овластување за изработка на проектна документација за градби од прва и втора категорија, овластување за ревизија на проектна документација за градби од прва и втора категорија, овластување за инженер за изведба на градби од прва и втора категорија, овластување за надзорен инженер за градби од прва и втора категорија, чиј рок на важење е истечен, за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба. |
| 58 | Уредба со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба | бр.89/2020 | бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18. | Важноста на лиценцата за изработување на урбанистички планови, лиценцата заревизија на урбанистички планови, овластувањето за изработување на урбанистички планови и овластувањето за ревизија на урбанистички планови, чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 59 | Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба | бр.89/2020 | бр.104/19, 146/19 и 275/19. | Домаќинствата кои користат гарантирана минимална помош, ќе остваруваат и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и за месеците април и мај 2020 година. |
| 60 | Уредба со законска сила за примена на Законот за утврдување на цени на водните услуги за време на вонредната состојба | бр. 89/2020 | бр. 7/2016 | Доставувањето на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението чиј рок е определен согласно Законот за утврдување на цени на водните услуги, а кој истекува за време на траењето на вонредната состојба, ќе се изврши до 15 април 2020 година. Доставувањето на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга снабдување со вода за пиење, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води за сите даватели на водни услуги кои обезбедуваат водна услуга на подрачја поголеми од 10.000 еквивалент жители, чиј рок е определен согласно Законот за утврдување на цени на водните услуги, а кој истекува за време на траењето на вонредната состојба, ќе се изврши до 15 мај 2020 година |
| 61 | Уредба со законска сила за примена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба | бр.89/2020 | бр. 18/01, 4/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09 | Стапката на казнената камата се определува на месечно ниво и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Северна Македонија (референтна стапка), што важела на последниот ден од претходниот месец, зголемена за пет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за четири процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата). Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секој месец, и тоа во висина на еднomesечна стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од претходниот месец, зголемена за пет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за четири процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 62 | Уредба со законска сила за примена на Законот за лизинг за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16. | На договорите и на промените на договорните услови за финансиски лизинг спрема физичките и правните лица, како и спрема солидарните должници и заложните должници врз основа на финансиски лизинг ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила. |
| 63 | Уредба со законска сила за престанување на важење на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредната состојба | бр. 90/2020 | | |
| 64 | Уредба со законска сила за финансиска подршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба | бр.90/2020, бр.94/2020 | | Финансиската поддршка на спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортската администрација ќе се спроведува преку Агенцијата за млади и спорт. Предмет на финансиска поддршка е исплата на финансиски средства за месеците април и мај 2020 година, во месечен износ од 14.500 денари. Корисник на финансиска поддршка може да биде лице кое ги исполнува критериумите наведени во Уредбата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 65 | Уредба со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите | бр. 90/2020 | | Истражителите во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите јавниот обвинител на Република Северна Македонија ќе ги распореди на работа во истражен центар во јавно обвинителство или ќе ги врати во институцијата од која се преземени. Од буџетот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во програма 2 потпрограма 21, откако Министерството за финансии по барање на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ќе изврши соодветна прераспределба по ставки и намени на вкупниот износ на одобрените средства на таа потпрограма ќе се исплаќаат средствата за тековни трошоци за работа, за заостанатите неисплатени средства за тековни трошоци за работа на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, за заостанатите неисплатени плати и платите на јавнообвинителските службеници, на истражителите и лицата вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите кои вршат технички и помошни работи за време на вонредната состојба. |
| 66 | Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредната состојба | бр. 90/2020 | бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и 42/20 | Операторите ги доставуваат пријавите во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19). Подзаконските акти донесени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18), продолжуваат да се применуваат се до донесувањето на соодветните подзаконски акти определени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20). |
| 67 | Уредба со законса сила за финансиска подршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | | Финансиската поддршка добиваат самостојните уметници за месеците април и мај 2020 година во месечен износ од 14.500,00 денари. |
| 68 | Уредба со законска сила за примена на Законот за финансиските друштва за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр.158/10, 53/11, 112/14, 153/15 и 23/16. | Промена на договорните услови за кредит, гаранции, кредитни картички и преземени побарувања, односно олеснување на условите на отплата. |
| 69 | Уредба со законска сила за постапката за издавање на дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба | бр.90/2020 | | Се уредува со оваа Уредба кои лица и на кој начин можат да добијат дозвола за движење во време во кое е утврдена забрана за движење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 70 | Уредба со законска сила за примена на Законот за работно време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр.140/18 | Дневното време на управување со возило, за време на траење на вонредната состојба трае 11 часа. Неделното време на управување со возило, за време на траење на вонредната состојба трае 60 часа. Вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели, за време на траење на вонредната состојба трае 100 часа. За време на траење на вонредната состојба по пет и пол часа управување со возилото, возачот е должен да направи пауза од најмалку 45 минути. Редовниот дневен одмор, за време на траење на вонредната состојба трае 9 часа. Неделниот одмор за време на траење на вонредната состојба започнува најдоцна по истек на десет 24 часовни периоди од крајот на претходниот неделен одмор. |
| 71 | Уредба со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19. | Роковите за преземање на предметите по започнатите постапки со непосредна спогодба и со јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република СевернаМакедонија, за преземање на следењето, вршењето и сите активности кои произлегуваат од работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република СевернаМакедонија, за преземање на надлежностите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за донесување на Годишната програма, како и за формирање на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и за воспоставување на Електронскиот систем за јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, се продолжуваат за 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба. |
| 72 | Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита потрошувачите при договори за потрошувачки кредит за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр.51/11, 145/15, 23/16 и 20/19. | Кредиторите не смеат да наплатуваат трошоци кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци кои надминуваат 30% од износот на одобрениот кредит. Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредиторот ако постапува спротивно на одредбите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 73 | Уредба со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр. 102/19 | Полагањето на испитот за стекнување на инспектор со лиценца, спроведување на обуките за стекнување на инспектор со лиценца, како и стручното усовршување и обука на инспекторите се одложува за време на траењето на вонредната состојба. |
| 74 | Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба | бр.90/2020 | бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и 110/19. | Престануваат да течат роковите во кои согласно Законот за работните односи, во случај на мирување на правата и обврските од договорот за вработување и мирување на работен однос на работник упатен на работа во странство и на брачниот другар, работникот има право да се врати на работа, за време на траење на вонредната состојба и се продолжуваат за 15 дена од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. Исто така, се уредува и искористувањето на годишниот одмор од календарска 2019 година и искористување на првиот дел од годишниот одмор од календарска 2020 година за работници вработени во приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус согласно потребите на работниот процес и одобрение на работодавачот. Дополнително, отсуството од работа на работничка поради бременост, раѓање и родителство и посвојување, продолжува да тече и надоместокот на плата продолжува да се исплаќа до истекот на траењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19. |
| 75 | Уредба со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба | бр.92/2020 | бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, | Осигурениците на кои им се ускратени правата од задолжителното здравствено осигурување поради нередовно уплатуван придонес или уплатата на придонесот задоцнила повеќе од 60 дена, односно имаат долг за неплатен придонес како и државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани по ниту еден основ, можат во здравствените установи да користат здравствени услуги поврзани со дијагностицирање и лекување од Коронавирусот COVID-19 на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16,171/17 и 275/19. | |
| 76 | Уредба со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 за време на вонредна состојба. | бр.92/2020 | | Со оваа уредба се уредуваат условите, начинот и постапката на финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено – економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, за месеците април и мај 2020 година. |
| 77 | Уредба со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба | бр.92/2020 | | Со оваа уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, за месеците април, мај и јуни 2020 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 78 | Уредба со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба | бр.94/2020, бр. 97/2020, бр. 103/2020, бр. 108/2020 | | На вработените во јавниот сектор не им се се исплатуваат додатоци и надоместоци на трошоци поврзани со работа согласно закон и колективен договор, за време на траење на вонредната состојба. Исклучени од оваа мерка се медицинскиот и помошно-технички персонал во јавните здравствени установи, вработените во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана и кабинетските службеници, како и припадниците на затворската полиција. Ова важи почнувајќи од месец април 2020 година.<br><br>Се поставува прашање дали законодавецот навистина мислел на надоместоците на плата (член 112 од Законот за работните односи) или надоместоците на трошоци поврзани со работата (член 113 од ЗРО). Ако не се исплаќаат надоместоци на плата, тогаш лицата на боледување и на годишни одмори нема да имаат приходи за соодветниот период.<br><br>Со измените и дополнувањата на оваа уредба се корегираше недостатокот обележан со црвено, така што надоместоци на плата во случај на боледување или годишен одмор сепак ќе се исплаќаат. Дополнително, од оваа уредба се иземаат и следниве вработени во јавниот сектор: вработените во високообразовните установи и јавните научни установи, инспекторите вработени во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот инспекторат за транспорт, Агенцијата за лекови и медицински средства и Агенцијата за храна и ветеринарство. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 79 | Уредба со законска сила за ограничување на правото на паричните паушали и паричните надоместоци на претседателите и членовите на управни и надзорни одбори, претседатели и членови на комисии, работни групи и советодавни и експертски тела формирани од државната влас и преседателите и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа за време на вонредната состојба | бр.94/2020 | | На лицата наведени во оваа Уредба со законска сила заклучно со месец декември 2020 година не им се исплатуваат парични надоместоци, како и надоместоци за патни и други материјални трошоци. Не се одесува на лица кои се евидентирани како невработени на денот на влегување на оваа Уредба во сила. |
| 80 | Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување за | бр.94/2020 | бр. 11/2012, 147/2015 и 30/2016. | Роковите кои се определени во постапката за остварување на правото на старосна пензија од вториот столб кои истекуваат за време на траење на вонредната состојба, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | време на вонредна состојба | | | |
| 81 | Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за пензиското инвалидското осигурување за време на вонредна состојба | бр.94/2020 | бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15 ,147/15, 154/15, 173/15, 217/15,27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18, 180/19, 275/19 и 31/20. | Роковите кои се определени за преземање на одделни дејствија за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување кои истекуваат за време на траење на вонредната состојба, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале, и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. |
| 82 | Уредба со законска сила за примена на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи за време на вонредна состојба | бр.94/2020 | бр.98/19 и 27/20. | Роковите определени во Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи за склучување на договори за производство и откуп на тутун од тековната година и за доставување на список на сите склучени договори во електронска форма и по еден примерок од секој склучен договор, кои истекуваат во време на траењето на вонредната состојба, се продолжуваат до 30 април 2020 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 83 | Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица за време на вонредна состојба | бр.94/2020 | бр. 44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09, 136/11, 129/15, 27/16, 99/18. | Роковите кои се определени за преземање на одделни дејствија со цел за остварување на определени права и обврски, а кои се однесуваат на роковикои истекуваат за време на траење на вонредната состојба, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале, и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. |
| 84 | Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување за време на вонредна состојба | бр.94/2020 | бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и 180/2019. | Роковите кои се определени за преземање на одделни дејствија од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурувањекои истекуваат за време на траење на вонредната состојба, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале, и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. |
| 85 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредната состојба | бр. 94/2020 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 86 | Уредба со законска сила за примена на Законот за јавните набавки за време на вонредна состојба | бр.94/2020 | бр. 24/19 | Полагањето на испитот за лице за јавни набавки се одложува за време на траење на вонредната состојба. Важноста на потврдите за положен испит за лице за јавни набавки чиј рок на важење е истечен во периодот од 1 јануари 2020 година до 1 април 2020 година, продолжуваат да важат за време на траење на вонредната состојба, како и шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба. |
| 87 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредната состојба | бр. 94/2020 | | |
| 88 | Уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година | бр.93/2020, бр. 97/2020 | | Работодавачот од приватниот сектор кој вработува работници врз основа на договор за вработување, физичко лице кое вработува работници врз основа на договор за вработување и работодавач корисник, за месеците април и мај 2020 година може да побара финансиска помош за исплата на плата на своите вработени, во висина од 14.500 денари по вработен.<br><br>Барањето се поднесува до Управата за јавни приходи. Формата и содржината на барањето се составен дел од самата уредба. Барањето се поднесува преку системот за е-даноци.<br><br>Услови за користење на финансиска помош се: (1) работодавачот барател да трпи намалување на вкупните приходи во месец април или месец мај кое е повисоко од 30% од месечниот просек на вкупните приходи остварени во 2019 година; (2) работодавачот - барател да не исплатува дивиденда на сопствениците; (3) најмногу 10% од вкупниот број на вработени кај работодавачот - барател да имаат поединечна нето плата над 12.500 денари за месецот за кој се бара финансиска поддршка. Во уредбата точно се определува и кој не може да користи финансиска помош. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Во првичната верзија на уредбата беше утврдено дека финансиска помош не може да се бара сопственик/основач на работодавачот-барател на финансиска поддршка, управител, прокурист, односно застапник по закон и членовите на органите на управување и надзор на работодавачот-барател на финансиска поддршка. Сепак, оваа одредба беше избришана. |
| 89 | Уредба со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредната состојба | бр. 95/2020, бр. 97/2020 | | Вработените во јавниот сектор кои се работно ангажирани за времетраење на мерките против ширењето на КОВИД-19 вирусот, неискористениот дел од годишниот одмор за 2019 година можат да го искористат до 31 мај 2020 година. За тоа треба да добијат одобрение од работодавачот. На вработените, пак, кои се ослободени од извршување на работни задачи, ќе се смета дека им е искористен делот од годишниот одмор за 2019. Исклучоци се предвидени за вработените во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана - Армија на Република Северна Македонија, јавните здравствени установи, царинските службеници, затворската полиција инспекциските служби, единиците за противпожарна територијална заштита, мали групни домови и домови за нега на стари лица |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 90 | Уредба со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредната состојба | бр. 95/2020 | | Судиите за извршување на санкциите нема да издаваат упатни акти за извршување казна затвор во траење од три години се до 1 септември 2020 година, освен за предметите каде постои опасност за застарување на казната. Извршувањето на упатните акти кои се веќе доставени до казнено-поправните установи се одложува до 1 септември 2020 година, освен за актите за кои веќе се издадени меѓународни потерници. Лицата кои се во притвор веднаш ќе се упатат за издржување казна затвор по правосилноста на пресудата. |
| 91 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредната состојба | бр. 95/2020 | | |
| 92 | Уредба со законска сила за примена на Законот за јавнообвинителската служба за време на вонредната состојба | бр. 95/2020 | 62/15, 231/15, 11/16 и 21/18 | Вработените во јавнообвинителската служба кои се работно ангажирани за времетраењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција на КОВИД-19 вирусот мораат да го искористат делот од годишниот одмор за 2019 година до 31 мај 2020 година. На оние кои не се работно ангажирани, се смета дека годишниот одмор им е искористен. |
| 93 | Уредба со законска сила за примена на Законот за судската служба за времетраење на вонредната состојба | бр. 95/2020 | бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 | Исто како и кај претходната уредба, овој пат се однесува на вработените во судската служба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 94 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредната состојба | бр. 95/2020 | | |
| 95 | Уредба со законска сила за примена на Законот за акредитација за време на вонредна состојба | бр. 97/2020 | бр. 120/09, 53/11, 41/15, 53/16 и 83/18 | Роковите за доставување на извештајот за реализираната програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, како и извештајот за работата на Советот за 2019 година и извештајот на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола за 2019 година, се одложуваат за време на траење на вонредната состојба. Важноста на сертификатите за акредитација чиј рок е истечен или ќе истече за време на траење на вонредната состојба и на сертификатите за акредитација чиј рок ќе истече во период од четири месеци по престанокот на траење на вонредната состојба, се продолжува до завршување на постапката за ре-акредитација од првото наредно оценување.<br><br>Тела за оцена на сообразност чиј сертификат за акредитација истекол или ќе истече за време на траење на вонредната состојба се должни да иницираат постапка за реакредитација во рок од 30 дена по престанок на траење на вонредната состојба. |
| 96 | Уредба со законска сила за примена на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за време на вонредната состојба | бр. 97/2020 | бр. 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18 и 190/19 | Сите рокови кои се предвидени со соодветниот закон (за одлучување по барањата за одобрување на финансиска поддршка и исплата на финансиска поддршка, за склучување на договори за финансиска поддршка и слично) се продолжуваат за 60 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.<br><br>Роковите определени во договорите за финансиска поддршка за реализација на инвестицијата предмет на договорот престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат да течат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што престанале и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Роковите за доставување на барања за финансиска поддршка определени во јавниот повик за доставување на барања за финансиска поддршка по ИПАРД Програмата 2014-2020 се одложуваат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат да течат по престанок на траењето на вонредната состојба. |
| 97 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредната состојба | бр. 97/2020 | | |
| 98 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на | бр. 97/2020 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | платите за месеците април и мај 2020 | | | |
| 99 | Уредба за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба | бр. 97/2020 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 100 | Уредба со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредната состојба | бр. 97/2020, бр. 100/2020 | | Пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, Претседателот на Република Северна Македонија, функционерите кои ги именува Претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, функционерите и лицата кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија и избраните и именуваните лица од Владата на Република Северна Македонија, судиите, градоначалниците и лицата кои остваруваат право на плата по престанувањето на функцијата, согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, именувани лица од Владата на Република Северна Македонија кои остваруваат право на плата согласно Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, претседател и членови, односно лице кое раководи со регулаторно тело, лицата кои раководат со институциите кои вршат дејности од областа на образованието, културата, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, и во институциите кои вршат работи од јавен интерес утврден со закон, а се организирани како агенции, фондови, правни лица на кои им е доверено вршење на јавно овластување, јавни установи, јавните претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје и од општините во градот Скопје и акционерските друштва во целосна сопственост на државата ќе примаат паричен надоместок од 14.500 денари за месеците април и мај. Истото се однесува и на вонредните и ополномоштените амбасадори и генерални конзули во странство. |
| 101 | Уредба со законска сила за интервентна набавка на медицински ракавици за време на траење на вонредната состојба | бр. 100/2020 | | Се врши итна набавка на медицински ракавици под услови различни од стандардните при јавна набавка. |
| 102 | Уредба со законска сила за интервентна набавка на заштитни маски со цел спречување на | бр. 100/2020 | | Се врши итна набавка на заштитни маски под услови различни од стандардните при јавна набавка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | последиците од корона вирусот (COVID-19) за време на траење на вонредната состојба | | | |
| 103 | Уредба со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај меѓународниот монетарен фонд за финансиска поддршка од инструментот за брзо финансирање за време на вонредна состојба | бр. 100/2020 | | Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународниот монетарен фонд во износ од 140.300.000 специјални права на влечење (100% од квотата). Едно специјално право за влечење (од 2015) е отприлика 31 евро. Види:https://www.imf.org/en/About/Factsheets/Sheets/2016/08/01/14/51/Special-Drawing-Right-SDR. |
| 104 | Уредба со законска сила за примена на Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата за време на вонредната состојба | бр. 100/2020 | 27/14, 154/15 и 39/16 | Решенијата за евидентирање во Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, издадени врз основа на дозвола издадена од земја членка на Европската унија, чиј рок на важење на дозволата е истечен или истекува за време на траење на вонредната состојба, продолжуваат да важат за време на траење на вонредната состојба како и 90 дена од престанокот на траење на вонредната состојба. |
| 105 | Уредба со законска сила за примена на Законот за производи за заштита на растенијата за време на вонредната состојба | бр. 100/2020 | бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13, 10/15, 129/15 и 39/16) | Решенијата за одобрување за пуштање во промет на производите за заштита на растенијата, издадени врз основа на дозвола издадена од земја членка на Европската Унија, чиј рок на важење на дозволата е истечен или истекува за време на траење на вонредната состојба, продолжуваат да важат за време на траење на вонредната состојба, како и 90 дена од престанокот на траење на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 106 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредната состојба | бр. 100/2020 | | |
| 107 | Уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствена заштита | бр. 100/2020 | | |
| 108 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредната состојба | бр. 100/2020 | | |
| 109 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за земјоделско | бр. 102/2020 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | земјиште за време на вонредната состојба | | | |
| 110 | Уредба со законска сила за исплата на паричен надомест за лица ангажирани со договор за дело во органите на државната власт, регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и градот скопје за времена вонредна состојба | бр. 102/2020 | | Лицата кои се ангажирани по основ на договор за дело во органите на државната власт, регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и градот Скопје ќе добијат целосен паричен надоместок за време на вонредната состојба, како и по престанокот на вонредната состојба до 31 декември 2020 година, доколку не се евидентирани како вработени.<br><br>Доколку пак овие лице се пријавени како вработени, ќе им се исплатат само 50% од паричниот надоместок кој е определен за договорот за дело, но најмногу до 30.000 денари. Важењето и на оваа одредба е до 31 декември 2020 година. |
| 111 | Уредба со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредната состојба | бр. 102/2020 | бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 161/19 | Рокот за продолжување на овластувањата на правните лица за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и компримиран земјен гас, се одложува за време на траењето на вонредната состојба и се продолжува за 60 дена од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. Важноста на решението за овластувањето на техничка служба за работите кои ги вршат правните лица кои се овластени со решение од Министерството за економија, на предлог за овластување за техничка служба од органот за одобрување, а врз основа на издаден Сертификат за акредитација од органот за оцена на компетентност, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | чиј рок на важење е истечен или ќе истече за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба. |
| 112 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредната состојба | бр. 102/2020 | | Објаснета погоре, каде е објаснета и првичната уредба. |
| 113 | Уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба | бр. 103/2020 | | Објаснета погоре, каде е објаснета и првичната уредба. |
| 114 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за | бр. 103/2020 | | Објаснета погоре, каде е објаснета и првичната уредба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршување за време на вонредната состојба | | | |
| 115 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба | бр. 103/2020 | | Објаснета погоре, каде е објаснета и првичната уредба. |
| 116 | Уредба за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба | бр. 103/2020 | | Објаснета погоре, каде е објаснета и првичната уредба. |
| 117 | Уредба со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредната состојба | бр. 103/2020 | бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 11/18 и 120/18 | Се воведува обврска за трговците да обезбедат редарски служби при влезот и во внатрешноста на нивните објекти (опфатени се продавници, самопослуги, маркети, пекари и слично). |
| 118 | Уредба со законска сила за примена на Законот за минерални суровини | бр. 103/2020 | бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, | Роковите предвидени со законот, а кои се однесуваат на управни дејствија, поднесување барања и исполнување на обврски согласно управните акти, се одложуваат (поврзани со деталните геолошки истражувања и слично). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за време на вонредна состојба | | 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 | |
| 119 | Уредба со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба | бр. 103/2020 | бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 | Се уредува што претставува јавен интерес на донација во финансиски средства, добра и услуги чиј прималец се буџетските корисници со цел да се решат состојбите предизвикани од КОВИД-19. |
| **Со Одлука објавена во Сл. весник бр. 104/2020 прогласена повторно е утврдена вонредна состојба во државата (уште една вонредна состојба во времетраење од 30 дена)** | | | | |
| 120 | Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредната состојба | бр. 106/2020 | | Објаснета погоре, каде е објаснета и првичната верзија на соодветната уредба. |
| 121 | Уредба со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршска | бр. 106/2020 | | Се формира Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19. Фондот се формира во рамки на Генералниот секретаријат на Владата. Средствата собрани преку овој фонд ќе се користат за финансиска поддршка на микро, малите, средните и големите претпријатија во надминување на економската криза предизвикана со COVID-19. |
| 122 | Уредба со законска сила за примена на Законот за банките | бр. 107/2020 | бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 101/19 | Исто како и маркетите и другите трговски објекти, банките се должни да обезбедат редарска служба при влезот во и при излезот од објектот, за да се запази минимум потребното растојание, меѓу лицата. Треба да се изврши дезинфекција на лицата при влез. Во исто време во банките и штедилниците не смее да има:<br><br>• Повеќе од 5 лица во просторија до 50 квдратни метри;<br>• Повеќе од 10 лица во просторија од 50 до 100 квадратни метри; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | • Повеќе од 15 лица во просторија од 100 до 200 квадратни метри;<br>• Повеќе од 20 лица во просторија над 200 квадратни метри. |
| 123 | Уредба со законска сила за примена на Законот за поштенските услуги за време на вонредната состоба | бр. 107/2020 | бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18, 27/19 и 275/19 | Давателите на поштенски услуги се должни да обезбедат редарска служба при влезот во и излезот од објектите.<br><br>Треба да се изврши дезинфекција на лицата при влез.<br><br>Најмалку еднаш неделно треба тие да вршат дезинфекција. |
| 124 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговијата за време на вонредната состојба | бр. 107/2020 | | Во објектите во кои се врши трговија на мало, истовремено може да пазаруаат најмногу по едно лице на површина од секои 20 метри квадрати. Во објектите кои се помали од 20 метри квадратни, само едно лице смее да пазарува едновремено. Трговците се должни да обезбедат заштитна опрема (маски и ракавици) за вработените ов објектот. |
| 125 | | бр. 107/2020 | | Сите домашни и странски физички лица, симптоматски и асимптоматски, на кои им е извршено тестирање за присуство на Коронавирус COVID -19 во нивниот организам, се ставаат во задолжителна самоизолација и тоа од моментот на земањето на материјалот за тестирање (брис од уста, брис од грло, брис од нос, крв и слично), се́ до добивањето на негативен резултат. Доколку земањето на материјал за тестирање е извршено вон домот, односно местото на потенцијална самоизолација на физичкото лице кое се тестира, лицето има обврска без одлагање во најкус можен рок и на најбрз начин, да се упати во самоизолација при што треба да ги намали, односно сведе на минимум попатните контакти со други лица, се до пристигнување на местото на самоизолација.<br><br>Самоизолацијата трае до добивање на негативен резултат од тестирањето. Самоизолацијата се спроведува во домот на лицето или во стан или куќа каде што истото може целосно да биде изолирано од лицата со кои живее (викенд куќа, стан во кој што не живее и слично). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | За времетраење на самоизолацијата, лицето во самоизолација не смее воопшто да излегува, треба да ги сведе на апсолутен минимум контактите со лицата со кои што живее (ако не може целосно да се одвои) и треба да ги почитува препораките на Министерството за здравство во врска со самоизолација. |
| 126 | | бр. 107/2020 | | Секое домашно или странско физичко лице на територија на Република Северна Македонија е должно да носи лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени институции и слично).<br><br>Под лична заштита се подразбира било каква форма на заштита која ги покрива пределот на носот и устата , имено:<br><br>• Респираторна маска ФФП2 или повисок стандард,<br>• Хируршка маска за една употреба,<br>• Текстилна маска за повеќекратна употреба,<br>• Свилена марама или шал,<br>• Памучна марама или шал.<br><br>Не се носи заштита само доколку лицето:<br><br>• Носи посебна заштита во рамки на извршувањето на своите задачи,<br>• Престојува во двор на станбена семејна куќа,<br>• Вози велосипед или спортува на отворено – индивидуални спортски активности,<br>• Патува во моторно возило со лица со кои живее во заедница,<br>• Се движи на јавни места и површии од отворен тип и целосно го одржува минималното растојание од два метри од друго лице. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 127 | Уредба со законска сила за примена на законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физички лица за време на вонредна состојба | бр. 108/2020 | бр. 133/19 | Физичките лица кои ја користат апликацијата за скенирање на фискалните сметки (Мој ДДВ), односно кои оствариле право на дел на враќање на данокот во последното тримесечије, можат истиот да го донираат во Буџетот на РСМ, преку опцијата „скенирам и донирам" на апликацијата. |
| 128 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и на надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба | бр. 108/2020 | бр. 94/20, 97/20 и 103/20 | Погоре, (под реден број 78) каде што беше објаснета Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и на надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредната состојба беше истакнато дека се јавува дилема дали навистина Владата имала интенција да го ограничи исплаќањето на надоместоци на плата (регулирани во член 112 од Законот за работни односи) имајќи предвид дека под „надоместок на плата" се подразбира паричната сума која вработениот ја прима кога не оди на работа поради годишен одмор, но и боледување. Би било нелогично вработените да бидат ограничени од паричен надоместок за боледување во време на епидемија.<br><br>Со овие измени и дополнувања на соодветната уредба се корегираше недостатокот, така што се истакнува дека сепак се исплаќаат надоместоците на плата за периодите кога работниците не работат заради болест и повреда, како и годишен одмор.<br><br>Дополнително, со оваа уредба се предидува дека изземени се и: вработените во високообразовните установи и јавните научни установи, инспекторите вработени во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот инспекторат за транспорт, Агенцијата за лекови и медицински средства и Агенцијата за храна и ветеринарство. |
| 129 | Уредба со законска сила за примена на Законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба | бр. 108/2020 | бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 | Со оваа Уредба приредувачите на игри на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб кои имаат лиценца за приредување на игри на среќа имаат право да приредуваат интернет игри на среќа преку веб апликација.<br><br>За начинот на регистрација, уредување, исполнување на нормите, повеќе во самата уредба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 130 | Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба | бр. 108/2020 | бр. 82/20 и 102/20 | Роковите за поднесување на даночни пријави и плаќање на ДДВ за даночниот период 1 февруари – 29 февруари 2020 година се продолжија до 30 април 2020 година. |
| 131 | Уредба со законска сила за изменување и доплнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба | бр. 108/2020 | бр.89/20 | Центарот за социјална работа за остварување на правото на гарантирана минимална помош одлучува врз основа на доставената документација од подносителот на барањето и обезбедената документација по службена должност согласно Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 109/19), а увидот во домаќинството ќе се изврши во рок од два месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба.<br><br>Практично, не се врши увид за исполнетост на условите на терен.<br><br>Правото на надоместок заради попреченост, остварено врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа со кој е препорачан контролен преглед во периодот на траење на вонредната состојба, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и два месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба<br><br>Правото на надоместок за помош и нега од друго лице, остварено врз основа на наод, оцена и мислење од стручна комисија со кој е препорачан контролен преглед во периодот на траење на вонредната состојба, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и два месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Давателите на јавни услуги во јавни и приватни установи за социјална заштит за кои е отпочната постапката, а не се стекнале со лиценца за работа за времетраењето на вонредната состојба, ќе се распоредат на работни места и вршат стручна работа во установите за време на вонредната состојба и шест месеци по истекот. |
| 132 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални суровини за време на вонредната состојба | бр. 111/2020 | | Се дополнува уредбата (објаснета под реден број 118) и се продолжуваат рокови и за други процесни дејствија уредени со Законот за минерални суровини. |
| 133 | Уредба со законска сила за примената на Законот за угостителската дејност за време на вонредната состојба | бр. 111/2020 | бр .62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и 31/20 | Важноста на лиценците за вршење на угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, чиј рок на важење е истечен или ќе истече за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба. |
| 134 | Уредба со законска сила за примена на Законот за енергетика за време на вонредната состојба | бр. 111/2020 | бр. 96/18 и 96/19 | Полагањето на испитот за стручна оспособеност за ракувачи на енергетски уреди и постројки се одложува за време на вонредната состојба. |
| 135 | Уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот | бр. 111/2020 | | Со оваа уредба се уредуваат условите, начинот и постапката на финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од COVID-19.<br><br>„Работодавачи" во контекст на оваа уредба е секој правен субјект кој вработува работници врз основа на договор за вработување, физичко лице кое вработува работници врз основа на договор за вработување и работодавач корисник согласно со Законот за приватни агенции за вработување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 | | | Работодавачите можат да користат финансиска поддршка преку Владината Програма за финансиска поддршка на работодавачи погодени од здравствено-економската криза предизвикана од COVID-19 вирусот.<br><br>Поддршката се користи за месеците април и мај 2020 година.<br><br>Предмет на финансиската поддршка е исплата на платите на работниците кај соодветниот работодавач – барател за месеците април и мај 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник, согласно со работното време (полно или не).<br><br>Работодавачот поднесува барање за финансиска поддршка до Управата за јавни приходи. Формата и содржината на барањето е дадено во прилог на Уредбата (види: ЛИНК). Барањето се поднесува преку системот за е-даноци до 7ми во месецот за претходниот месец. Откако ќе го прими барањето, Управата за јавни приходи ја потврдува комплетноста во рок од 3 дена.<br><br>Услови кои треба да ги исполни работодавачот-барател се следните:<br><br>• намалувањето на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени во месец април 2020 година или во месец мај 2020 година да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои непроизлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година, а за работодавач-барател на финансиска поддршка кој е запишани во соодветен регистар (основање) после месец март 2019 година, намалувањето на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка ос тварени за месец април 2020 година или месец мај 2020 година да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година. За работодавачот-барател на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | финансиска поддршка кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните вкупни приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачотбарател на финансиска поддршка остварени за последниот сезонски период од 4 месеци споредено со просечните вкупни приходи намалени за одделните еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%,<br>• работодавачот-барател на финансиска поддршка да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот-барател на финансиска поддршка, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, до денот исплатата на платата за месец мај 2020 година и<br>• најмногу 10% од вкупниот број на вработени кај работодавачот-барател на финансиска поддршка да имаат поединечна месечна нето плата над 120.000 денари месечно по вработен, за месецот за кој се бара финансиска поддршка<br><br>Работодавачот-барател не може да користи финансиска поддршка ако:<br><br>• нето платата на работникот за последните три месеци пред поднесување на Барањето е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време) или доколку засновал работен однос за време пократко од три месеци, нето платата на работникот е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време),<br>• користи субвенционирање согласно со Уредбата со Законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, освен работодавач кој врши дејност наведена согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2: угостителска дејност (шифра 56 - дејности за подготовка и служење на храна), туризам (шифра 79 - туристички |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | агенции организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55 - објекти за сместување) и транспорт (шифра 49 - копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50 - воден транспорт, шифра 51 - воздухопловен транспорт и 52 - складирање и помошни дејности во превозот) кој за 2018 и 2019 година нема искажано загуба после оданочување и нема неплатени јавни давачки (данок на додадена вредност, данок на добивка, данок на личен доход, придонеси од задолжително социјално осигурување, како и акцизи и царини) согласно со објавената Листа на должници на доспеани и неплатени долгови бр. 03/2020 на веб страната на Управата за јавни приходи и заклучно со 29 февруари 2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен јавен регистар/биро<br>• користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот „Македонија вработува“)<br>• вработува работник за дополнително работење, согласно со членот 121 од Законот за работните односи.<br><br>Уредбата дополнително уредува дека работодавачот кој користел финансиска поддршка има обврска да ги врати добиените финансиски средства во целост, заедно со камата, доколку по контрола од страна на Управата за јавни приходи или Државниот инспекторат за труд се утврди дека не биле исполнети условите наведени погоре.<br><br>За времетраење на финансиската поддршка и два месеци после нејзиното престанување – заклучно со јули 2020 година – бројот на вработени кај работодавачот, со исклучок на пензионираните и починати работници, во однос на бројот на вработени во месец март не смее да се намали:<br><br>• 15% кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка, 10% кај работодавач кој мал од 51 до 250 вработени, 5% кај работодавач кој имал над 250 вработени. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Уредбата уредува, исто така, и кога средствата добиени како финансиска поддршка се неповратни. |
| 136 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани со и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите | бр. 112/2020 | | Со оваа уредба се дополни Уредбата под реден број 65, така што во членот 1 по зборовите „помошни работи" се додадоа зборовите „за време на вонредната состојба". |
| 137 | Уредба со законска сила за примена на Законот за административни службеници за време на вонредната состојба | бр. 112/2020 | бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и 275/19 и 14/20 | Започнатите постапки за вработување на административен службеник кои биле запрени и ставени во мирување по доставувањето на барањето за објавување на јавен оглас / по завршувањето на рокот за пријавување на кандидати за административен службеник / во фазата на административна селекција за вработување / во фазата за проверка на веродостојност и интервју продолжуваат да се спроведуваат за време на вонредната состојба, сè до завршување на **соодветната фаза на постапката за вработување**. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Оние постапки, пак, кои биле запрени во фаза на испит за административен службеник ќе продолжат по траењето на вонредната состојба. |
| 138 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредната состојба | бр. 112/2020 | | Се дополни уредбата под реден број 26 така што се додаде нов член во кој се утврди дека Владата на Република Северна Македонија ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии. |
| 139 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за угостителската дејност за време на вонредната состојба | бр. 112/2020 | | Во претходната уредба под реден број 133 беше истакнато дека важноста на лиценците се продолжува. Со овие измени и дополнувања се продолжува и важноста на решението за утврдување на категорија на угостителски објект. |
| 140 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 | бр. 113/2020 | | За разлика од во првичната верзија на уредбата, согласно овие измени и дополнувања не може воопшто да се намалува бројот на вработени кај работодавачот кој користи помош заклучно со месец јули, освен ако не станува збор за пензионирање и смрт, откажување на договорот за вработување од страна на работникот, откажување на договорот за вработување од страна на работодавачот без отказен рок поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски, спогодбено преземање на работник, престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа.<br><br>И ако станува збор за овие случаи, повторно има ограничувања колку смее да се намали бројот.<br><br>Бројот на вработени што работодавачот корисник треба да го задржи ги вклучување вработените на неопределено време, определено време и определено време со пократко работно време од полното работно време. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 141 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредната состојба | бр. 113/2020 | | Се додава нов член во уредбата објаснета под реден број 74 со кој се предвидува дека:<br><br>Работодавачот кој одјавил работник од задолжително социјално осигурување во периодот од 11 март 2020 година до 30 април 2020 година, може да склучи спогодба за враќање на работа.<br><br>Со спогодбата, работодавачот се обврзува да ги подмири сите обврски кои произлегуваат од работниот однос од денот на одјавата на работникот од задолжително социјално осигурување до денот на склучувањето на спогодбата.<br><br>Пријавувањето во системот на задолжително социјално осигурување на работникот, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се врши најдоцна до 7 мај 2020 година.<br><br>Доколку работникот не ја потпише спогодбата, работодавачот може на негово место да пријави ново лице од евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и со истото да склучи договор за вработување и да го пријави во системот за задолжително социјално осигурување во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија најдоцна до 7 мај 2020 година.<br><br>Идејата зад оваа уредба е да им се овозможи и на оние работодавачи кои отпуштиле работници во текот на претходниот месец, преку нивно спогодбено враќање, да ги исполнат условите за финансиска помош (види: претходна уредба). |
| 142 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредната состојба | бр. 116/2020 | | Се изменува и дополнува Уредбата прикажана под реден број 22.<br><br>Генерално, дел од членовите на оваа уредба се однесуваат на роковите за објавување на јавен повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар за акредитираните здруженија на наставници, а дел на роковите за запишување на децата во прво одделение во учебната 2020/2021 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 143 | Уредба со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредната состојба | бр. 116/2020 | бр.161/2019 | На наставниците кои до денот на утврдување на постоењето на вонредната состојба засновале однос во училиштата без јавен оглас, на определено време (најмногу до три месеци), им се продолжува работниот однос за време на вонредната состојба, како и по завршување на вонредната состојба до завршување на учебната 2019/2020 година. |
| 144 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба | бр. 116/2020 | | Се дополнува Уредбата изложена под реден број 24.<br><br>Генерално, се предвидува продолжување на роковите на акредитациите, односно реакредитациите на постојните студиски програми на сите три циклуси на високо образование до крајот на академската 2020/2021 година.<br><br>Дополнително, се предвидува дека роковите за донесување на актите, предвидени во Законот за високото образование, а кои се во надлежност на Агенцијата за квалитет во високото образование се продолжуваат најмногу за три месеци по истекот на вонредната состојба. |
| 145 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба | бр. 116/2020 | | Се дополнува Уредбата изложена под реден број 58.<br><br>Се додаваат нови членови кои се однесуваат на јавните презентации на урбанистичките планови. |
| 146 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на | бр. 116/2020 | | Се изменува и дополнува Уредбата под реден број 77. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба | | | |
| 147 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба | бр. 116/2020 | | Се изменува и дополнува Уредбата под реден број 23.<br><br>Се наведува дека во учебната 2019/2020 година, наставната година во средните училишта ќе заврши на 10 јуни 2020 година, а за учениците во завршните години на 19 мај 2020 година преку далечинско учење.<br><br>Се додаваат членови со кои учениците се ослободуваат од државна матура, училишна матура и слично. |
| 148 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредната состојба | бр. 118/2020 | | Се додаваат прекршочни одредби во оваа уредба. |
| 149 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот | бр. 121/2020 | | Се дополнува Уредбата под реден број 57.<br><br>Се определува дека важноста на одобрението за градење, чиј рок е истечен за време на вонредната состојба, продолжува до 60 дена по престанокот на вонредната состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за градење за време на вонредна состојба | | | |
| 150 | Уредба со законска сила за примена на Законот за консолидација на земјоделско земјиште за време на вонредната состојба | бр. 123/2020 | бр. 187/13,61/16 и 83/18 | Рокот за изработка на геодетски елаборат за посебни намени за консолидација престанува да тече за време на траење на вонредната состојба и продолжува да тече 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба. |
| 151 | Уредба со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договор за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба | бр. 123/2020 | бр.261/19 | Се определува пренамена на средствата од заемот утврден во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – светска банка по договор за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта.<br><br>Притоа, се утврдува дека:<br><br>• 20.000.000 евра за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта ќе бидат наменети за реализација на првите три компоненти на Проектот за поврзување на локални патишта и<br>• 50.000.000 евра за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта ќе бидат наменети за реализација на четвртата компонента на Проектот за поврзување на локални патишта (Одговор на итни случаи) за кофинансирање на владината мерка за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година. |
| 152 | Уредба со законска сила за примена на Законот за вработување и работа на странци за време на вонредна состојба | бр. 123/2020 | бр.217/15 | Важноста на работната дозвола која се издава за определен временски период до една година чиј рок на важење е истечен, односно истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила. Рокот за реализирање на услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување, одржување и сервисирање на машини, средства и опрема, во период не подолг од 60 дена, во една календарска година, чиј рок за реализирање е истечен, односно истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила. |
| 153 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба | бр. 123/2020 | | Под реден број 9 е објаснета Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредната состојба. Со оваа уредба се утврдува дека возачките дозволи кои ќе истечат за време на вонредната состојба ќе важат не само до завршувањето на вонредната состојба туку и по истекот, односно до 31 јули 2020 година. |
| 154 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредната состојба | бр. 123/2020 | | Во претходната уредба стана збор за возачките дозволи. Со оваа, идентично, се определува дека пасошите чие важење ќе истече за време на вонредната состојба ќе важат и по истекот на вонредната состојба, односно до 31 јули 2020 година. |
| 155 | Уредба со законска сила за примена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење за време на вонредната состојба | бр. 123/2020 | бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18 | Рокот за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, утврден во член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), на кандидатите кои се стекнале со уверение за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), престанува да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | тече за време на траењето на вонредната состојба и се продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба за онолку денови колку што траела вонредната состојба. |
| 156 | Уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредната состојба | бр. 123/2020 | | Се изменува уредбата која е објаснета под реден број 66 и се продолжуваа роковите за одржување на јавни расправи за подзаконски акти кои треба да се донесуваат согласно членот 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. |
| 157 | Уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредната состојба | бр. 122/2020 | бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16 и 64/18 и 120/18 | Се утврдува дека за веродосојни сметководствени документи врз основа на кои се водат трговските книги се сметаат и скенирани документи доставени по електронски пат.<br><br>Рокот за доставување на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа за 2019 година на големите и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност, до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба. |
| 158 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни исложености кај банките и штедилниците | бр. 125/2020 | | Се изменува и дополнува уредбата објаснета под реден број 37. Се утврдува дека оваа уредба ќе важи и 90 дена по истекот на вонредната состојба. |
| 159 | Уредба со законска сила за изменување | бр. 125/2020 | | Уредбата со законска сила за носење на лична заштита на лицето се дополнува така што се определува надлежност и на други инспекторати, освен Државниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и дополнување на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредната состојба | | | инспекторат за труд, Министерството за внатреши работи и Државниот пазарен инспекторат, да вршат надзор над примената. Имено, се определува дека и Државниот комунален инспекторат, како и општинските комунални инспектори ќе вршат надзор над спроведувањето на оваа уредба. |
| 160 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредната состојба | бр. 125/2020 | | Уредбата под реден број 46 се менува така што новите износи на акцизите ќе важат до 31 декември 2020 година, наместо до 30 јуни (како што првично беше предвидено). |
| 161 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци за време на вонредната состојба | бр. 125/2020 | | Исто како и во уредбите кои се наведени под реден број 153 и 154, се предвидува продолжување на важноста на документи до 31 август 2020 година. |
| 162 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални | бр. 126/2020 | | Се додава член кој гласи:<br><br>**„Член 2а**<br><br>(1) Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија за експлоатација на неметалични минерални суровини во случај кога со вршењето на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | суровини за време на вонредната состојба | | | експлоатацијата на неметаличната минерална суровина е нарушен јавниот интерес, безбедноста и здравјето на локалното население.<br>(2) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот 1 на овој член, концесионерот може да поднесе барање за добивање на нова концесија за експлоатација на неметалична минерална суровина на друг локалитет во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на одлуката за едностран раскин на договорот.<br>(3) Во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација од ставот 2 на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област и од единицата односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.<br>(4) Постапката за доделување на концесијата за експлоатација од ставот 3 на овој член ќе се спроведе согласно член 42 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19)." |
| 163 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредната состојба | бр. 126/2020 | | Се продолжува важноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредната состојба за 90 дена по престанокот на вонредната состојба. |
| 164 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска | бр. 126/2020 | | Се определува започнатите постапки за спроведување на обуките за оспособување на кандидат за возач во автошколите и спроведувањето на возачкиот испит на кандидатите во испитните центри се одложуваат за време на вонредната состојба, но и потоа сѐ до престанокот на важење на мерките |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредната состојба | | | утврдени во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19. |
| 165 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредната состојба | бр. 126/2020 | | Поради должината на уредбата, таа се пренесува во целост. До неа може да се пристапи преку овој ЛИНК. |
| **Со Одлука објавена во Сл. весник бр. 127/2020 утврдена е повторно е прогласена вонредна состојба во државата (уште една вонредна состојба во времетраење од 14 дена)** | | | | |
| 166 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба | бр. 128/2020 | | Важноста на сертификатите за професионална компетентност на возач за учество во меѓународен патен сообраќај чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и 90 дена по истекот на вонредната состојба.<br><br>Рокот за објавување на огласот за одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии, утврден во член 24-а став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај се продолжува за време на траење на вонредната состојба и 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба. |
| 167 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за | бр. 128/2020 | | Се додава член според кој административните службеници и помошно-техничките лица кои до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба засновале работен однос во основните училишта без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, најмногу до три месеци, со обезбедена согласност од градоначалникот на општината за општинските училишта, односно министерот за државните училишта, им се продолжува работниот однос за време на траењето на вонредната состојба, како и по |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | време на вонредна состојба | | | престанокот на траењето на вонредната состојба, до завршувањето на учебната 2019/2020 година. |
| 168 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај за време на вонредна состојба | бр. 128/2020 | | Важноста на сертификатите за стручно оспособување на советник за безбедност при превоз на опасните материи и за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и 90 дена по истекот на вонредната состојба. |
| 169 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба | бр. 128/2020 | | Се продолжува дејството на одредбата според која на износот на помалку или повеќе платениот данок и споредните даночни давачки освен каматата, се пресметува и наплатува, односно плаќа камата во висина од 0,015% за секој ден задоцнување. Оваа одредба ќе важи и 60 дена по престанувањето на вонредната состојба. |
| 170 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година | бр. 128/2020 | | Поради комплексноста на кусото објаснување, ја пренесуваме на овој ЛИНК. |
| 171 | Уредба со законска сила за дополнување | бр. 128/2020 | | Се додава член кој гласи: Административните службеници и помошно-техничките лица кои до денот на утврдување на постоење на вонредната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба | | | состојба засновале работен однос во средните училишта без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, најмногу до три месеци, со обезбедена согласност од градоначалникот на општината за средните општински училишта, градоначалникот на Град Скопје за средните училишта на Град Скопје, односно министерот за државните средни училишта, им се продолжува работниот однос за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба, до завршувањето на учебната 2019/2020 година. |
| 172 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба | бр. 128/2020 | | Се продолжува дејството на дел од членовите за 90 дена по истекот на вонредната состојба. |
| 173 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба | бр. 128/2020 | | Се проширува дејството на оваа уредба и на стручните соработници. |
| 174 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на | бр. 131/2020 | | Се додава член кој гласи: За време на траење на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31.12.2020 година, при спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит на кандидат за возач, во возилото се присутни претседателот на испитната комисија и испитувачот по практичен дел.“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сообраќајот на патиштата | | | |
| 175 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба | бр. 134/2020 | | Во споменатата Уредба се додаде одредба според која во високообразовните установи каде има можност за целосна примена на протоколот за полагање испити во високообразовните установи е можно полагање на испити, односно реализирање на други аспекти на студиските програми со физичко присуство на студентите. |
| 176 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба | бр. 134/2020 | | Се предвиде подолго траење на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба, односно членот 2-а од таа уредба ќе важи и 90 дена по престанокот на вонредната состојба.<br><br>Членот 2-а, пак, гласи:<br><br>„Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија за експлоатација на неметалични минерални суровини во случај кога со вршењето на експлоатацијата на неметаличната минерална суровина е нарушен јавниот интерес, безбедноста и здравјето на локалното население.<br><br>Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот 1 на овој член, концесионерот може да поднесе барање за добивање на нова концесија за експлоатација на неметалична минерална суровина на друг локалитет во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на одлуката за едностран раскин на договорот.<br><br>Во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација од ставот 2 на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | област и од единицата односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.<br><br>Постапката за доделување на концесијата за експлоатација од ставот 3 на овој член ќе се спроведе согласно член 42 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19)" |
| 177 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба | бр. 134/2020 | | Се предвиде дека членовите 2, 2-а, 3 и 4 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредната состојба ќе се применуваат во текот на вонредната состојба, но и 200 дена по престанувањето на вонредната состојба.<br><br>Станува збор за членовите со кои се предвидува колку лица едновремено можат да пазаруваат во објектите во кои се врши трговија на мало, односно одредбите кои се однесуваат на заштитна опрема и редарска служба. |
| 178 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за енергетика* за време на вонредна состојба | бр. 134/2020 | | Се предвиде дека полагањето на испитот за стручна ососбеност за ракувачи на енергетски уреди и постројки се одложува не само за време на вонредната состојба туку и за 30 дена по нејзиното престанување. |
| 179 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба | бр. 136/2020 | | Членот 2 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението се промени и гласи:<br><br>„За заболени од заразната болест Коронавирус COVID-19, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови или во здравствена установа, за што одлучува здравствен работник по извршена проценка на тежината на клиничката слика.<br><br>На лице кое било или се сомнева дека било во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со Коронавирус COVID-19 се применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација) во времетраење од 14 дена, за што лицето потпишува писмена изјава под полна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | морална, материјална и кривична одговорност дека ќе ја почитува мерката, а Државниот санитарен и здравствен инспекторат донесува решение.<br><br>Доколку лицето од ставот 2 на овој член не ја применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација), му се одредува мерката строга изолација (карантин) во времетраење од 14 дена, во објекти определени од Владата на Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија донесуваат решение.<br><br>Секое лице при влез на граничен премин на територија на Република Северна Македонија е должно со себе да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест, направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, поради потребата од упатување на лицето во задолжителна домашна самоизолација (државјани на Република Северна Македонија), односно самоизолација во објектот каде лицето има пријавено престојувалиште (странски државјани).<br><br>Доколку лицето од ставот 4 на овој член, не приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест, направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, му се одредува мерката строга изолација (карантин) во времетраење од 14 дена, во објектите од став 3 на овој член.<br><br>Заради спречување на појавата, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивање на Коронавирусот COVID-19 и поефикасно утврдување дали одредено лице било, или се сомнева дека било во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со Коронавирус COVID-19, како и навремено информирање на одредено лице дека било во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со Коронавирус COVID19 и негов навремен медицински третман, Министерството за здравство како мерка може да примени и најнови технолошки достигнувања (интернет платформи, паметни апликации, електронски услуги и слично), при што во однос на обработката на личните податоци се применуваат прописите од областа на заштита на личните податоци, како и соодветни технички и организациски мерки за да се обезбеди ниво на безбедност на личните податоци соодветно на ризикот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 180 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба | бр. 136/2020 | | Во Уредбата се додадоа членови 2-а и 2-6. Со нив се определува дека лицата на кои им престанал работниот однос во периодот од 11 март 2020 година до 30 април 2020 година, независно од времето поминато во работен однос, можат да остварат паричен надоместок во висина од 50% од месечната нето плата исплатена за последниот месец, но не повеќе од 80% од просечната нето плата по работник во Република Северна Македонија.<br><br>Ова право се реализира по барање на невработеното лице. |
| 181 | Уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба | бр. 137/2020 | | Поради должината на Уредбата, ја пренесуваме интегрално. До неа може да се пристапи преку овој ЛИНК. |
| 182 | Уредба со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба | бр. 139/2020 | | Поради должината на Уредбата, ја пренесуваме интегрално. До неа може да се пристапи преку овој ЛИНК. |
| 183 | Уредба со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други | бр. 139/2020 | | Поради должината на Уредбата, ја пренесуваме интегрално. До неа може да се пристапи преку овој ЛИНК. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба | | | |
| 184 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19 | бр. 139/2020 | | Во Уредбата за формирање фонд адекватно се изменија одредбите со цел да може да се пружа помош и на филмските работници, односно уметниците и другите физички лица кои самостојни вршат дејности и активности во областа на културата, согласно двете претходни уредби. |
| 185 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Се додава член според кој „Управата за јавни приходи нема да издава опомена за плаќање на данок и нема да отпочнува постапка за присилна наплата за време на траењето на вонредната состојба и по престанокот, односно до 30 јуни 2020 година и тоа за:<br>• Даночен долг кој е доспеан, а неплатен, и за кој не се отпочнати постапки за присилна наплата;<br>• Даночен долг по сите основи кој ќе доспее во месеците мај и јуни 2020 година и<br>• Судски такси и парични казни, односно глоби и трошоци изречени во парнични, прекршочни, кривични и управни постапки во корист на Република Северна Македонија, а кои ги наплатува Управата за јавни приходи кои се доспеани, а неплатени, и за кои не е отпочната постапка на присилна наплата. |
| 186 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за | бр. 140/2020 | | Во членот 2 се додава нов став (4) кој гласи: „Во јавните здравствени установи на секундарно и терцијарно ниво кои имаат услови во однос на просторот, опремата и кадарот согласно закон, можат да се вршат здравствени услуги од областа на молекуларната дијагностика во мрежата на здравствени установи.“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба | | | Се утврдува дека одредбите ќе траат до 31 декември 2020 година. |
| 187 | Уредба со законска сила за примена на Законот за вршење на сметководствени работи за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Се уредува дека рокот за исполнување на обврската за посета на обука за континуирано професионално усовршување престанува да тече за време на вонредната состојба и продолжува 200 дена по престанокот на вонредната состојба.<br><br>Тоа се однесува на обуките од 60 часа, односно 90 часа.<br><br>Што се однесува до обуките од најмалку 10 часа, односно 20 часа, тие нема да се однесуваат на оние сметководители кои обуката за континуирано професионално усовршување ја започнале во 2018 и 2019 година. |
| 188 | Уредба со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај Европската Унија преку инструментот Макрофинансиска поддршка за справување со последиците предизвикани од Ковид-19 пандемијата за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Република Северна македонија се задолжува кај Европската унија, односно зема заем од 160.000.000 евра преку инструментот Макрофинансиска пооддршка за справување со предизвиците предизвикани од Ковид-19 пандемијата. |
| 189 | Уредба со законска сила за примена на Законот за рамномерен регионален развој за време на вонредна состојба. | бр. 140/2020 | | Средствата за поттикнување рамномерен регионален развој во 2020 година, утврдени во Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 126/2020), во раздел 280.01 Биро за регионален развој, ставка 488- Капитални дотации до ЕЛС, кои останале нераспределени или неискористени од намените утврдени во член 29 став 2 и 71 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.63/07, 187/13, 43/14, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 215/15 и 64/18), во постапката за доделување на договор за јавна набавка за реализација на проектите за развој на планските региони во тековната година во согласност со членот 34-а став 6 од Законот за рамномерен регионален развој, средствата за одобрени проекти за развој на планските региони за кои Бирото за регионален развој ги раскинало договорите за нивна реализација во тековната година и средствата за одобрени проекти за развој на планските региони кои нема да се реализираат во тековната година, се распределуваат за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за проекти за развој на селата.<br><br>За распределбата на споменатите средства, министерот за локална самоуправа на предлог на Бирото за регионален развој донесува акт кој се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.<br><br>Средствата кои се наведени се распределуваат:<br>• 70% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и<br>• 30% за финансирање на проекти за развој на селата. |
| 190 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Се продолжува дејството на Уредбата. |
| 191 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање фонд за помош и | бр. 140/2020 | | Се уредува дека паричните средства во износ од разликата од средствата кои ги платиле патниците за организираниот авионски превоз од и до Меѓународниот аеродром Скопје до износот на средствата кои Генералниот секретаријат ги уплатил на авиопревозникот ќе бидат уплатени во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19 | | | Се вршат уште неколку измени на уредбата. |
| 192 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за стечај за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Се уредува дека Уредбата ќе важи до 30 јуни 2020 година, а не само во текот на вонредната состојба. |
| 193 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Се уредува дека и државјаните на соседните земји со кои Република Северна Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување, а се затекнати на територијата на Република Северна Македонија ќе можат во здравствените установи да користат услуги поврзани со дијагностицирање и лекување од коронавирусот Ковид-19.<br><br>Се додаваат и три нови членови во соодветната уредба. Тие се однесуваат на плаќањето партиципација, правото да се добие лек и без проложување на рецепт од избран лекар и на обработка на личните податоци од документите за лична идентификација при остварување на правата од заодлжително здравствено осигурување. |
| 194 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Членот 3-а се менува и гласи:<br><br>„При вршење јавен превоз на патници, за време на траење на вонредната состојба, превозникот во возилото е должен да го организира превозот со задолжително носење на заштитни маски од страна на патниците и екипажот во возилата, редовно дезинфицирање на возилата и може да има најмногу 50% патници од вкупниот број на седишта, несметајќи го седиштето на возачот." |
| 195 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на | бр. 140/2020 | | Се додава нов член 2-а кој гласи:<br><br>„Рокот за усвојување на ревидираните финанисиски извештаи од страна на собирот на содружници, односно собранието на друштво, со исклучок на друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и друштва кои согласно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба | | | Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба."<br><br>Членот 3 од Уредбата се менува и гласи:<br><br>„Рокот за доставување на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа, ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи за 2019 година, за големите и средни трговци организирани како акционерски друштва и за големите и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност, со исклучок на друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и на друштвата кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба" |
| 196 | Уредба со законска сила за примена на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени за време на вонредната состојба | бр. 140/2020 | | Се утврдува дека рокот за поднесување на барање за упис во посебната матична книга на родените престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба. |
| 197 | Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба | бр. 140/2020 | | Се уредува дека Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги донесува подзаконските акти од членот 143 од соодветниот закон во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на уредбата.<br><br>Се определува и дека ператорите се должни до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достават пријави за регистрација на странските радиодифузери кои ги реемитуваат, согласно донесените подзаконски акти и тоа во рок од 60 дена од нивното донесување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Со оваа уредба престанува да важи уредбата која е наведена под реден број 66. |
| 198 | Уредба со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба | бр. 141/2020 | | Поради должината, ја пренесуваме интегрално. До неа може да се пристапи преку овој ЛИНК. |
| **Со Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба (Сл. весник бр. 142/2020) се прогласува уште една вонредна состојба во времетраење од 14 дена** | | | | |
| 199 | Уредба со законска сила за примена на Законот за одбрана за време на вонредна состојба | бр. 145/2020 | | Се определува дека Одлука за испраќање на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции, за време на траење на вонредната состојба донесува Владата на Република Северна Македонија. |
| 200 | Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба | бр. 145/2020 | | Во членот 3-а (објаснет под реден број 194) се додаваати зборовите „превоз за сопствени потреби“. |
| 201 | Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади | бр. 147/2020 | | Поради должината, ја пренесуваме интегрално на овој ЛИНК. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба | | | |
| 202 | Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба | бр. 149/2020 | | Се додаваат нови членови кои гласат:<br><br>„Член 4-в<br>Максималниот износ на партиципација во трошоците за студирање, за студентите запишани на прв циклус на студии на јавен универзитет во академската 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, кој се воведува на јавен универзитет, на предлог на единица на универзитет, го утврдува јавниот универзитет, по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија.<br><br>Член 4-г<br>Во академската 2020/2021 година може да се врши упис на нови студенти на студии од трет циклус на студиските програми кои се акредитирани за академската 2020/2021 година, студиските програми на кои им е продолжен рокот за важењето на акредитацијата, согласно членот 2 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/20) и студиските програми за кои е започната постапка за реакредитација пред влегување во сила на оваа уредба со законска сила, при што нема да се применува членот 62 став 4 од Законот за високото образование за време на траење на вонредната состојба и по престанокот на траењето на вонредната состојба за академската 2020/2021 година.<br><br>Студиските програми од ставот 1 на овој член за кои е започната постапка за реакредитација пред стапување во сила на оваа уредба со законска сила ќе |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | можат да вршат упис на студенти на трет циклус на студии по добивањето на решение за почеток со работа.“<br><br>Дополнително, се определува дека постапките за избор на раководни органи на високообразовните установи започнати пред денот на влегување во сила на уредбата се ставаат во мирување најмалку за време на траењето на вонредната состојба. |